FOREVER
N. MACEDONIA
Јуни 2020 | Број 224



## ВРВЕТЕ ГОРДО ПО СВОЈОТ ПАТ
Rex Maughan

## НАПРАВЕТЕ ОДЛИЧЕН ВТОР ВПЕЧАТОК
Gregg Maughan

## ВО ЗОНАТА НА КОМФОР НЕ СЕ СЛУЧУВА НИШТО КОНСТРУКТИВНО
Стефан и Тања Стаеви

FOREVER®




# Направете одличен втор впечаток



**Во последните неколку години ме слушате да говорам за луѓето во целиот свет кои сè уште не слушнале за Форевер. Потенцијалот за раст во нашиот бизнис е неверојатен. Но кога се концентрираме врз споделување на бизнисот треба да запомниме дека не само „новите“ луѓе можат да имаат корист од нашата понуда, туку и оние со кои сме зборувале во минатото.**

Во животот постојано се менуваме и растеме. Приоритетите нѝ се менуваат заедно со мечтите и целите. Некој што претходно ви откажал, можеби денес ги бара слободата и флексибилноста што ги дава Форевер. И не заборавајте како вие самите сте израснале. Сте научиле повеќе за бизнисот и како да му помогнете на некој да ја открие онаа варијанта на Форевер, која најмногу одговара на неговиот живот.

Веројатно во списокот со контакти има луѓе кои порано од редица причини не биле подготвени да ја разгледаат можноста за бизнис или да ги пробаат производите. Сте ја запишале информацијата за контакт со нив и сте продолжиле да се фокусирате на средби со нови кандидати и нивното запознавање со Форевер. Моментот е добар повторно да ги побарате оние што ви откажале претходно и да проверите дали Форевер е погоден за нив денес.

Има многу причини производите или бизнис можноста да ги привлекуваат луѓето, затоа прилагодете ја вашата порака за да се поврзете со некого на подлабоко ниво. Можеби имате пријател кој сака да работи во партнерство со стабилна компанија со долгогодишна историја и докажан успех. Или пак познавате млади луѓе кои би имале интерес да научат повеќе за бизнис можност која предлага флексибилност и слобода. Други пак може да бараат удобност да добиваат високо квалитетни производи, доставувани до дома.

Ако ги разбирате потребите и целите на луѓето со кои комуницирате, можете да додавате дополнителна вредност и да им покажувате како можноста може да функционира за нивните конкретни околности.

Следниот пат кога ќе се поврзете со вашите клиенти или соработници, одвојте дополнително време за да воспоставите контакт и со оние со кои одамна не сте контактирале. Сигурен сум дека има многу луѓе од вашето минато кои би се радувале да ве слушнат и да научат што ви дал вашиот бизнис – поздрав живот или чувство за стабилност.

Се надевам дека додека го читавте ова се сетивте за неколку стари пријатели. Не пропуштајте да се поврзете со нив и да видите дали дошол моментот да ги поврзете со Форевер.

**Продолжете да се смеете,**

**Gregg Maughan**

Претседател на Форевер Ливинг Продактс



# Врвете гордо по својот пат



**Интересно е како и наједноставните приказни можат да нè обликуваат и водат низ животот. Секогаш ќе се сеќавам на приказна од детството за мајката рак која сакала да го научи синот да оди напред наместо настрана. Мислела дека ако и тој оди напред како сите останати животни во океанот, полесно ќе се вклопи.**

Мајката рак не можела да не забележи како живеат и се движат останатите суштества. Ако можела само да сè научи себе си и малото дете да бидат како нив, животот би им бил далеку полесен. Тие би се вклопиле во масата и би се движеле по течението, без да се изложуваат и да привлекуваат предатори. Плус тоа, не би имало потреба да одговараат на безброј прашања зошто така чудно одат.

**КАКО ЧЛЕН НА НАШЕТО ФОРЕВЕР СЕМЕЈСТВО ЗНАЕТЕ КАКО Е ДА ВРВИШ ПО СВОЈОТ СОПСТВЕН ПАТ ДУРИ И КОГА МНОГУМИНА СЕ ДВИЖАТ ВО РАЗЛИЧНА НАСОКА.**

Импресивното мало ракче многу сакало да ѝ угоди на мајка си и ја замолило да му покаже како да ги надмине инстинктите и да престане да оди настрана. Како и да е, колку и да се трудело, тоа не успевало да се движи поинаку и при секој обид да оди напред тоа паѓало на лицето.

Лекцијата која повеќето ја добиваат од оваа историја е дека најдобро се води со личен пример. Не можете да очекувате другите да направат нешто што не сте во можност или не сакате да го правите. Ова е одличен совет и нешто што сите треба да го сфатиме, но мислам дека во приказната има повеќе од тоа.

Како член на нашето Форевер семејство знаете како е да врвиш по својот сопствен пат дури и кога многумина се движат во различна насока.

Вашето патување можеби не изгледа како ничие друго, но вие секој ден растете помагајќи им на другите да изгледаат и да се чувствуваат подобро и да си го подобрат животот со нашата неверојатна бизнис можност. Секогаш околу вас ќе има луѓе кои ќе ја испитуваат вашата насока и ќе се чудат зошто не врвите по по-традиционална маршрута. Не се плашете да објаснувате зошто сте дел од Форевер. Говорете за тоа како компанијата ви помага да работите за остварување на вашите мечти, без оглед дали целите ви се поврзани со здравје и виталност или со подобар живот.

Некои ќе продолжат да се сомневаат, што е нормално. Други може да гледаат што правите и да осознаат што сакаат да променат во сопствениот живот. Можеби бараат производи за да им помогнат да изгледаат и да се чувствуваат подобро секој ден, или пак им треба бизнис можност, за да пробаат нешто различно и да се запознаат со нови луѓе.

Мајката рак сакала синот да се вклопи со другите морски суштества, бидејќи да се слееш со толпата и да врвиш со неа може да ти влее чувство на безопасност. Но научила важен урок – не е во природата на секого да следи натапкана патека.

Во Форевер секој без исклучок може да оди по свој сопствен пат. Имаме слобода да одлучиме како сакаме да изгледа нашиот живот и глобалното семејство кое е тука за да нè поддржува секој момент. Секогаш останете верни на себе си и гордо врвете по сопствениот пат. Иако вашето патешествие не изгледа како тоа на останатите, нема граници до каде може да ве одведе.

**Засекогаш Ваш,**

**Rex Maughan**

Главен извршен директор на ФЛП

# Кои се вашите цели
# за **негата** на **кожата?**

**Во козметичките производи на Форевер секогаш првата состојка е чистиот гел од внатрешноста на листовите на алое вера од нашите сопствени плантажи. На него додаваме други природни и научно прогресивни состојки кои ги дополнуваат и зајакнуваат многубројните корисни својства на алоето.**

Резултатот е колекција од козметички производи создадени да ви помогнат да ги постигнете вашите цели од анти-ејџинг до смирување на кожата и многу повеќе. Благодарение на нашиот пристап, нашите клиенти можат да бидат сигурни дека секој пат ќе ги добијат истите одлични резултати – безопасни, ефикасни и долготрајни.

---

**Анти-ејџинг:** Инфинит од Форевер го атакува стареењето одвнатре - нанадвор со комбинација од природата и науката од ново поколение. За создавањето на серијата нашите специјалисти открија пептиди, природни минерали, билки, пустински растенија и најновото во козметологијата не само за да го дополнат алоето, туку и за да ги зајакнат неговите корисни својства. Клинички проучените состојки работат во хармонија со природата, за да ја намалат појавата на фини линии и брчки, да ја измазнат кожата и да ја поддржат убавината одвнатре - нанадвор.







**Комбинирана кожа:** понекогаш сува, друг пат мрсна, комбинираната кожа ја нарекуваме и „нормална“. Секојдневната нега на кожата „Соња“ претставува прогресивна колекција од производи за комбинирана кожа. Формулите на базата на гел придонесуваат за подлабоко продирање на алоето и неговите корисни својства, за да ја балансира и осветли кожата со моќна хидратација и хранливи нутриенти.



**Проблематични области:** ако сакате да се погрижите за конкретни проблематични области и да го дополните вашиот секојдневен режим, специјализираната козметика на Форевер е одлично решение. Секој од овие производи се фокусира на специфична потреба на кожата – од дамки и нерамна структура до сенки под очите. Додадете ги на личниот козметички режим за да го приспособите на вашите потреби.




**Инфинит од Форевер | код: 553.**
**Секојдневна нега на кожата „Соња“ | код: 609.**
**Специјализирана козметика: крем за зоната околу очи | код: 561, заштитен дневен лосион | код: 557, ексфолијант | код: 559, балансирачки тоник | код: 560, алое активатор | код: 612, алое био-целулозна маска | код: 616**



# Во зоната на комфор не се случува ништо конструктивно



Драги пријатели,

Искрено се надеваме дека вие и луѓето околу вас сте добри! Поминаа безмалку три месеци откако нашиот живот драстично се промени од едниот до другиот ден. Се соочивме со предизвици со кои никогаш не сме помислиле дека ќе треба да се справиме. И најмногу од сè - околностите бараа многу промени во нашиот секојдневен живот. Може да се каже дека ова е новата реалност. Промените се новата реалност. Не сме ја избрале сами, но имаме избор како ќе реагираме, како ќе се адаптираме на неа.

Луѓето исто така се сменија – за многумина здравјето започна да добива поголема вредност. Оние што го земаа здраво за готово, забележаа дека не е така. Почнаа да се прашуваат што можат да направат за да го поткрепат. И одеднаш помислија на нас – на луѓето кои со недели, месеци, па дури и години им објаснувавме дека можеме да им помогнеме за подобро здравје, подобар имунитет, повеќе енергија и виталност. Затоа сега е моментот да сте повидливи, поактивни и покреативни. Накратко – сега е време да го ресетирате вашиот бизнис онлајн, ако сè уште не сте го направиле тоа.

Покрај тоа, вестите поврзани со развојот на економијата се сè понегативни: големи расходи и штети од карантинот, загуби на работни места, а оние што ги задржаа работните места имаат намалено работно време или намалена плата. Се очекува реструктурирање на многу бизниси – ќе преживеат големите фирми и корисници на онлајн платформи, додека малите претприемачи кои досега се потпираа само на офлајн услуги, немаат добра иднина.

Вашата предност како СФБ е што сте мали и не толку мали независни претприемачи кои ја имаат зад грб големата компанија Форевер, која ве поддржува со платформа за понуда на стоки и услуги, со логистика, со информации, обуки и друго и сето тоа – онлајн. Во моментот онлајн бизнисите процветуваат. Дури и оние кои до неодамна не ја користеле  таа можност, сега се менуваат. Се создаваат нови навики. Што од своја страна дава и многу добри предуслови за спонзорирање.

Совршено добро знаете дека многумина се обраќаат кон МЛМ кога имаат лични проблеми и кризи. Тогаш се многу поотворени за предлози кои претходно ги игнорираа. Луѓето надвор од нашата индустрија исто ќе бараат промена, ќе бараат поголема сигурност. И каде  ќе добијат информација како да ја обезбедат својата иднина? Од секој од нас што се занимава со мрежен маркетинг, секако! Ние имаме можност да работиме од дома и да ја обезбедиме иднината – не само својата и на семејството, туку и на секој што е подготвен да нè слушне.

Секоја промена изгледа страшна, но речиси секогаш води до нешто подобро. Треба да се навикнеме на новото секојдневие – колку побрзо, толку подобро. И не го заборавајте правилото дека во нашата зона на комфор никогаш не се случува ништо конструктивно. Треба да излеземе од неа, и мора да прифатиме дека новата реалност е таква и бара промени кои треба да ги направиме брзо. Голема грешка би било да чекаме некој друг да одлучува што ќе се случува со вас.

Сигурни сме дека можете да се справите, а веќе гледаме и како многумина тоа го прават и горди сме што соработуваме со вас и што може да помагаме за вашиот успех. Прифатете ги промените наместо да им се спротивставувате и ќе може да ги искористите многу подобро. Нема да се чувствувате како жртви. Земете ја контролата во свои раце и ќе се чувствувате далеку посамоуверени. Научете како да го користите онлајн маркетингот, социјалните мрежи, како да сте повидливи и како да комуницирате со повеќе луѓе, без да треба да се среќавате во живо. Тие нема начин како да разберат од телевизијата или рекламите дека има подобар начин за правење на бизнис – од дома. Тоа треба да го научат од ВАС!

Актуелната ситуација е огромна можност за раст ако ВИЕ лично сте подготвени да се промените и развивате. И не заборавајте дека сите сме исклучително среќни да работиме во партнерство со најдобрата компанија за алое вера, која нѝ ја предлага и најдобрата можност за онлајн бизнис од дома во светот. Со Форевер никогаш не зависите од надворешните околности, вие зависите само од себе!

**Секогаш со Вас,**

*Стефан и Тања Стаеви*



# Како да работам од дома

## Придобивките на работата од дома и како да сме позитивнии и продуктивни

Во последно време да работиме дома стана нов стандард за многу луѓе во светот. За некои тоа беше исполнет сон, а за други – здодевна алтернатива на интензивната средина на работното место. Некои се адаптираа полесно од другите кои требаше да ги комбинираат професионалните ангажмани со семејните. Но да работиш дома има и безброј предности и може да им помогне на некои да го создадат идеалниот начин на живот. Во Форевер одамна го практикуваме тоа со што многумина требаше да свикнат во првите месеци од годината. Ако од неодамна сте дел од нашето семејство и сè уште не сте ја совладале работата од дома, видете ги советите тука.

## Сон

Сонот е витален за вашата добра форма и продуктивност во текот на денот. Недостатокот на сон може да го оштети вашето физичко и психичко здравје. Се препорачува да спиете помеѓу седум и девет часа на ноќ, но се разбира времетраењето на сонот е различно за сите.

## Вклучете сè наутро

Заземањето на позитивен став наутро е клучно за да имате добро расположение и да сте продуктивни. Позитивното размислување може да ви помогне и физички, и психички. Тоа може да се дефинира како ментален и емоционален став при што секогаш очекуваме добри резултати. Човек со позитивен став верува во среќен развој на нештата и дека секоја пречка може да биде надмината. Започнувајте го денот со позитивни афирмации или медитација, за да се чувствувате смирено и сами да го управувате денот.

## Направете си програма

Организирањето и правењето на распоред ќе ви помогне да го контролирате денот и да мислите појасно. Обидете сè да си изготвите режим со часови за работа, одмор и време за семејството, за да сте сигурни дека ќе извлечете максимална корист од пофлексибилниот начин на работа од дома.

## Работете на временски интервали

Фокусирајте сè на најважната активност час и половина, без ништо да ве дефокусира или прекинува. Привремено исклучете ги известувањата за нови пораки на телефонот и за мејлови на компјутерот. Има сè повеќе докази дека овој вид прекинување силно го влошува квалитетот на нашата работа. Правете вистински одмор по ручекот, далеку од бирото и лаптопот, а во останатиот дел од денот работете на блокови од по еден час. Не заборавајте да правите 10-минутни паузи меѓу одделните задачи, за да се движите и да пиете вода.

## Спортувајте

Кога нашата програма е оптеретена, тешко наоѓаме време за физичка активност, но движењето не само што нѝ помага да се чувствуваме подобро, туку е и добар начин за намалување на стресот. Одвојувањето време за спорт во дневниот распоред позитивно ќе влијае на надворешниот изглед и на психичката состојба, за да сте поконцентрирани за работа. За вистинско оптимизирање на вашите фитнес цели пробајте ја програмата Форевер Ф.И.Т. Таа ќе ви помогне да се прочистите и ќе додаде витални хранливи материи на вашиот режим, така што вашите напори нема да останат незабележани.

## Не престанувајте да комуницирате

Можеби мислите дека работата од дома е нешто асоцијално, но нејзината флексибилност ви дозволува да комуницирате со пријатели и колеги повеќе од обично. Денешниот дигитален свет нѝ дава можност да сме по-поврзани од секогаш и создавањето на нови контакти веќе не мора да биде лично – можете да го градите бизнисот, да наоѓате кандидати и да ги направите клиенти и соработници директно од удобноста на вашиот дом.

## Одморете и опуштете сè

Ако ги оставите дигиталните уреди барем еден час пред да си легнете, ќе можете вистински да се опуштите по напорниот ден и подобро ќе спиете. Одвојувањето на заслужено време за себе ќе ви помогне да си го разбистрите умот и најдете фокусот.



# КВАЛИФИКАЦИИ ЗА АПРИЛ 2020 ГОДИНА

## АСИСТЕНТ МЕНАЏЕР



Величковски Сузана

## СУПЕРВИЗОР



Вујовски Дејан
Драскачева Надица

## АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОРИ



1. Алексоски Киро
2. Ананиев Стефан
3. Андовска Бранка
4. Ангеловска Даниелка
5. Атанасова Милена
6. Басарова Мирјана
7. Велевска Митровска Лиле
8. Гачева Јасмина
9. Гелев Зоран
10. Давитков Филип
11. Димитрова Валентина
12. Димитровска Весна
13. Дуева Марина
14. Ефремов Иван
15. Идризи Муслија Адријана
16. Илоски Тане
17. Јахја Миранда
18. Јовановска Лидија
19. Камчева Камелија
20. Керала Абази Филиз
21. Крстевска Христина
22. Мицева Кириќ Илина
23. Михајловска Тамара
24. Младенов Фиданчо
25. Младеновиќ Марија
26. Николов Димитар
27. Николовска Марија
28. Николовска Моника
29. Петров Милена
30. Петров Снежана
31. Петрушевски Слободан
32. Спасовска Наташа
33. Станковиќ Виолета
34. Станковска Јелена
35. Стефанова Валентина
36. Стојанова Елена
37. Стојановска Ѓургица
38. Топаловска Мирјана
39. Тренчевска Лидија


НОВО





## КЛУБ 4

**Клуб 4 – ниво 1**

4 CC Level 1

Трајкова Емилија

**Клуб 4 – ниво 2**

4 CC Level 2

Петковска Загица
Цикалова Снежана

## ТОП 10

| ВКУПЕН ОБЕМ | НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ |
|---|---|
| 1. Др.Роза Гелевска | 1. Жарко Георгиевски |
| 2. Жарко Георгиевски | 2. Стевица Димовска |
| 3. Славица Донакова | 3. Славица Донакова |
| 4. Др.Снежана Контра | 4. Елена Гелевска |
| 5. Елена Гелевска | 5. Сузана Величковски |
| 6. Катерина Трајчевска | 6. Вера Златковска |
| 7. Стевица Димовска | 7. Слаѓана Маџова |
| 8. Вера Златковска | 8. Др. Роза Гелевска |
| 9. Блага Крстеска | 9. Катерина Трајчевска |
| 10. Слафко Михајловски | 10. Дејан Вујовски |

facebook

**Следете ја официјалната фејсбук страница**
**Forever Living Products, MK**
**за да бидете во тек со сите новини, промоции, обуки и претставувања кои ги организираме.**

Like


**ФОРЕВЕР ЛИВИНГ ПРОДАКТС ДООЕЛ**
**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815; 2465826; 070236609
e-mail:flp@t-home.mk



Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.


ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**
- онлајн преку линкот http://flp.bg/mac/order/
- доколку не сте во можност да порачате онлајн, можете телефонски на 02 2465846, 02 2465826 и 070 236609 секој работен ден од 9 до 19 часот. Порачките кои се примени до 14 часот се испраќаат од канцеларијата на Форевер истиот работен ден. Вие ја добивате порачката на домашна адреса во рок од 24 часа и ја плаќате на доставувачот.